1626

PRES-SERVIS
NOVINSKO-IZDAVAČKO PREDUZEĆE SAVEZA NOVINARA JUGOSLAVIJE
PRESS PUBLISHING ENTERPRISE OF THE FEDERATION OF YUGOSLAV JOURNALISTS
BEOGRAD — Knez Mihajlova 2/X — Pošt. fah 842
Tel. 621-578
Ček. račun 101-11/1-804
Current Account with Yugoslav National Bank
SLUŽBA DOKUMENTACIJE
CLIPPING SERVICE
Isečak iz lista
Newspaper cutting
ВЕЧЕР
Скопје
-9. XI. 1967

НАШИ РАЗГОВОРИ

# „ЈАНКУЛОВСКИ Е МАЕСТРО“

**● Белгискиот печат мошне пофално се изразува за ликовното дело на Александар Јанкуловски — Цане, кој веќе два месеца презентира 19 масла и 7 цртежи во Белгија**

**Веќе два месеца дваесетина дела на македонскиот ликовен уметник Александар Јанкуловски — Цане се во центарот на вниманието на ликовната публика на Белгија. Точно пред два месеца, на 8 септември 1967 година 19 негови масла и 7 цртежи беа изложени во „Галерија Нова“ во Белгискиот град Мехелен од каде, по завршувањето на изложбата, која траеше до 26. IX. 67, се пренесени во Брисел и Вилворт. Според најновите известувања што уметникот ги добил деновиве од оваа земја, неговите дела ќе бидат презентирани и во уште неколку места во Белгија.**

По тој повод го замоливме уметникот да ни одговори на неколку прашања:

**— Непосреден повод на изложбите во Белгија беше моето дело, маслото „Срж“ изложено на една изложба на ДЛУМ во Битола. Тоа ми ја донесе поканата да излагам во Мехелен. Се чини, изложбата доживеа мошне забележителен успех. Денеска јас сум веќе почесен член на оваа галерија, а покрај тоа оваа изложба ми донесе и награда во вид на студиски престој во оваа земја, каде на неопределено време ми е обезбедено и ателје за работа. На нејзиниот успех се надоврзуваат и изложбите што го презентираа моето дело и во другите градови на оваа земја.**

— Да ли сте запознати со реагирањата на тамошната ликовна критика?

**— Познато ми е дека одгласи на мојата изложба**



АЛЕКСАНДАР ЈАНКУЛОВСКИ — ЦАНЕ

**се појавија речиси во сите весници кои излегуваат на фламански јазик, а исто така и на Радиото и Телевизијата.**

— Можеме ли да цитираме некој извадок од рецензија?

**— Дневникот „Фолксгазет“ од 5.IX.67, меѓу другото, пишува: „Темите на сликарот Јанкуловски се песимистички, низ таа бујност сликарот потврдува еден став кој е сосема позитивен. Тие слики кога се гледаат се добива впечаток дека се идол на модерното време, идол што нé сврзува сите нас и нé заплашува времето во кое живееме, но меѓутоа сликата „Крв и бол“ на Јанкуловски ја чини неговата величина, а тоа е затоа што неговиот асфалтен браон ја прави сликата величествена. Од ова може да се заклучи дека Јанкуловски е еден многу голем талент. Тој е бура, фуртуна и пламен во својата уметност, кој има една голема волја, која ни ја донесува преку својата визија. Во завршетокот на сликата Јанкуловски е маестро“.**

— Имате ли некои други покани за презентирање на свои дела во странство?

**— Сакам да ве известам дека 12 мои масла и неколку цртежи се наоѓаат во приватната галерија на Николас Елиас од Детроит. Тој самиот дојде да ги откупи од моето ателје. Тие слики и цртежи ми донесоа и покана идната година, во септември, да отворам своја изложба во Лос Анџелес. Имам покани да излагам во Франција, Холандија и Англија, но најверојатно на некои од нив нема да можам да одговорам. Знаете, јас сликам бавно!**

**Ал. Поповски**